10247

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihailova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account 608-1-251-1
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ЖУРНАЛ
Скопје
11. VII. 1969

# ЗАЉУБЕНИК НА ЛИНИЈАТА И БОЈАТА

Се родил заедно со Републиката во 1903 година, во Крушево. Неговото живо присуство во уметничкиот живот на Скопје, а со тоа и на Македонија, се почувствува веднаш по неговото враќање од Букурешт, каде што во 1927 година ја завршува Академијата за ликовни уметности, во која четири години порано беше стапил со матурска диплома од скопската гимназија.

По завршената академија, за прв пат се појавува во ликовниот живот на Скопје на една групна изложба, на која спечалува симпатично внимание и на публиката и на ликовната критика со својот жив, активен темперамент, со својата динамичност, која се пројавува уште во првите негови ликовни остварувања, а ќе остане белег на неговиот уметнички индивидуалитет до ден денешен.

Две години потоа пак го нема во Скопје. Вештината на прикажувањето на животот преку линија и боја ја усовршува со своите студии во Париз, прво во академијата Гранд Шомиер, а потоа во академијата Рансон.

## ПРЕОКУПАЦИЈА: БЕДАТА ВО ОПШТЕСТВОТО

Со доаѓањето во Скопје пак ја разбранува успаната атмосфера во уметничкиот живот. Се редат изложби во Скопје и во другите големи градови во Југославија, а подоцна и во странство. И насекаде крупни имиња на ликовната критика забележуваат дека Мартиноски во своето ликовно дело донесува своевидна социјална тематика, претставена на свој, оригинален начин за ликовно изразување. Негова преокупација стануваат децата од скопската циганска сиромаштија, младите убавици од таа средина и неговиот најсакан мотив — мајка со дете на градите, многубројни слики во кои најсуптилно го изразува искусното чувство на мајчинството. Притоа, Мартиноски не остава никакво сомневање во неговата идејна определеност: во тој поглед уметникот е јасен, тој знае што прави и што сака — прикажувајќи ја бедата во едно општество, јасно укажува на социјалната неправда и револуционерно повикува на нејзино совладување. Тоа е причината што Мартиноски уште од првата појава беше оставен во редот на напредните уметници на Југославија.

Уметникот со таков темперамент не може да остане настрана од тековите на животот во кој опстојува, не може а да не остави свој отпечаток во животот на средината во која дејствува.

Во триесеттите години во Скопје беше основано друштво на пријателите на уметноста, во кое се изживуваа скопските мондени и, особено, монденки. Меѓутоа, и такво какво што беше, друштвото придонесуваше за афирмацијата на уметничкиот живот во Скопје. Во една изјава во весникот „Вардар“ Мартиноски говори за тоа во кој правец треба да се развива активноста на друштвото, па вели:

**„Друштвото во почетокот многу ветуваше. Материјал за програма на нивната работа би имало, се разбира, во доста на мера, кога водителите на друштвото би фрлиле еден подемократски поглед врз денешната уметничка младина којашто, за голема среќа или несреќа — среќа затоа што постои, а несреќата затоа што пропаѓа — ја има во обилен број.“**

## БОРБА ПРОТИВ ДИЛЕТАНТИЗМОТ

Уште во тоа време, Мартиноски решително станува против дилетантизмот и невкусот во уметноста. По повод изложбата на неколцина дилетанти, некој си Ѓ. О., инаку студент на историјата на уметноста, беше напишал нешто како критика од која Мартиноски бил толку револтиран што се јавува во печатот со осврт во кој аргументирано ги побива наводите на „критичарот“, па завршува:

**„Дали непретпазливо и штетно ќе му сервираме на еден штотуку пробуден народ колорисани фотографии, лоши илустрации, еден лош плагијат и панаѓурски сликички, или пак револуционерни скокови на обдарени уметници во духот на денешното развивање — тоа прашање ќе им го оставам на проценување на самите почитувани посетители на изложбата на слики во Скопје.“**

Како уметник — општественик Мартиноски во тоа време се зазема за „основање на сликарско уметничко училиште во Скопје, богато во наставата, кое би можело да ја воспитува сегашната и идната генерација во духот на најактуелните развивања...“, кое би било „убав одблесок на нашите стари работници — фрескисти, кои, всушност, се единствен извор на денешната ликовна уметност.“

Оваа своја идеја и интимна желба Мартиноски ќе ја оствари веднаш по ослободувањето како прв и најагилен подвижник за основање на Художественото училиште во Скопје..



МАРТИНОСКИ: ЗОГРАФСКО УЧИЛИШТЕ (1934—36)

*Се родил заедно со републиката, во 1903, во Крушево... За неговата приврзаност кон својот народ и својата почва сведочи завештателниот музеј што го носи неговото име, отворен минатата година во неговиот роден град*



МАРТИНОСКИ: НОЌНИ СВИРАЧИ (1934—36)

## МАРТИНОСКИ

**„За изложбата на нашиот талентиран сликар Никола Мартиноски во Загреб, во салонот „Улрих“, владее големо интересирање и има изгледи дека неговата изложба за Загреб ќе биде некој вид уметничка сензација.“**

### СЛИКИТЕ НА МАРТИНОСКИ — ОТКРОВЕНИЕ

Вака е најавена изложбата на Мартиноски во Загреб, отворена на 15 март 1936 година, заедно со познатиот хрватски графичар Томислав Кризман, кој инаку има добра колекција на графики од Македонија. Критиката за таа изложба го обележува како огромен успех настапот на скопскиот сликар. „Сите трудови на Мартиноски — пишува печатот — прикажуваат типови од Македонија. Со своите трудови Мартиноски предизвика извонреден интерес на загрепската публика, составена особено од круговите на најдобрите познавачи и љубители на уметноста. Пред неговите слики, особено пред вонредните цртежи, луѓето долго време се задржуваа и искажуваа најдобри судови за неговата ретко голема уметност, за силата на изразот и за солидноста на работата“.

На групната изложба во Белград, во пролетта 1936 година, Мартиноски настапува со цртежи. Ликовниот критичар на весникот „Правда“ забележува дека „тројца добри цртачи го спасуваат графичкиот дел на изложбата... тоа се Боја Бераковиќ, Мирко Кујачиќ и Никола Мартиноски... Петте цртежи на Мартиноски — вели понатаму критичарот — изведени врз забележувањето, богати во својата едноставност, одмерени во својата постапка, претставуваат цело мало откровение...“

**О**ва се само неколку попатни потсетувања за предвоениот уметнички развоен пат на еминентниот македонски ликовен уметник, академискиот сликар Никола Мартиноски. Повод за нив беа последниве две негови изложби: едната на слики во Музејот на современата уметност и другата на цртежи во Уметничката галерија.

**Неговиот уметнички израз поаѓа уште поголем подем во годините на слободниот живот на Македонија, а основата на неговото уметничко кредо — низ линија и боја да даде одраз на животот од ова наше поднебје — не само што продолжува, туку уште повеќе се зацврстува.**

**Колку уметникот останува приврзан за својот народ и за својата почва сведочи завештателниот музеј во Крушево што го носи неговото име. А колку народот знае да му одаде заслужено признание на својот уметник, доказ е неговиот прием за редовен член на Македонската академија на науките и уметностите.**

Јован **КОСТОВСКИ**



МАРТИНОСКИ: ПРОСЈАК (1934—36)